# СЛОБОДА Е КОГА *самата* ОДЛУЧУВАШ

**Со новиот Закон за прекинување на бременоста се унапредува репродуктивната слобода на жената затоа што:**



## ПОВЕЌЕ НЕМА ТРИ ДЕНА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЧЕКАЊЕ

Жената која се одлучила за абортус, ќе може да ја добие услугата навреме и без одложување.

## СЕ ВОВЕДУВА МЕДИКАМЕНТОЗЕН АБОРТУС (АБОРТУС СО ЛЕКОВИ)



Абортусот со лекови е најбезбедниот начин на абортус во првите 9 недели од бременоста. Лековите ќе може да ги дава и матичниот гинеколог со чија поддршка пациентката ќе може безбедно да направи абортус и во гинеколошките ординации.

## ПОВЕЌЕ НЕМА ПОТРЕБА ОД ПРИДРУЖНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Жената која решила да не ја продолжи бременоста поради социјално - економски причини или поради сексуално насилство, повеќе нема да биде присилена да прибира документи од надлежните институции. Болницата повеќе нема да бара од пациентката да достави потврда од Јавното обвинителство, полицијата или Центарот за социјална работа. Доволна ќе биде лично потпишана изјава на жената.

## ПОВЕЌЕ НЕМА ЗАДОЛЖИТЕЛНО И ПРИСТРАСНО СОВЕТУВАЊЕ



Само доколку сака, жената ќе добие советување кое е исклучиво објективно, ослободено од личните уверувања на лекарот и базирано на медицински информации. Жената има право и да одбие каква било информација за абортусот и да бара веднаш да се изврши услугата.

## ЖЕНАТА МОЖЕ ДА ДОБИЕ АБОРТУС ПО СВОЕ БАРАЊЕ ДО 22-ТА НЕДЕЛА ОД БРЕМЕНОСТА




Абортусот по 12-тата недела може да биде неопходен поради медицински причини, поради сериозни нарушувања на фетусот или поради неочекувани социјални околности кои може да влијаат врз социјалната благосостојба на жената доколку ја продолжи бременоста. Болницата е должна да ја прекине бременоста без разлика на мислењето на гинекологот кај кого жената се обратила или на мислењето од вториот специјалист.



ХЕРА

A Member Association of IPPF International Planned Parenthood Federation European Network